# **ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ** за личните податоци за физички лица објавени на веб-страницата koronavirus.gov.mk и за обработка на податоците за корисниците на веб-страницата koronavirus.gov.mk

Оваа политика на приватност содржи правила за начинот на кој веб-страницата finansiskatransparentnost.koronavirus.gov.mk ги објавува личните податоци на донаторите на наменски донаторски сметки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Северна Македонија, како и личните податоци на корисниците на веб-страницата. Ги замолуваме корисниците внимателно да ги прочитаат овие правила.

За техничкото функционирање на порталот е надлежен Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министерот за комуникации, отчетност и транспарентност. На оваа веб-страница се објавуваат личните податоци на донаторите на наменски донаторски сметки - име, презиме и општина на живеење - единствено доколку донаторот претходно изразил согласност да ги сподели личните податоци преку веб-страницата за собирање на донации solidarnost.gov.mk или при уплата на средствата преку банка.

1. Контролори на лични податоци

За личните податоци кои се објавуваат поради транспарентност на сметката Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од корона вирусот ковид-19 на Владата на Република Северна Македонија (Солидарен фонд), контролори на личните податоци се Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (Генерален секретаријат) и Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

За личните податоци кои се објавуваат поради транспарентност на сметката на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, контролори на личните податоци се: Министерството за здравство на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

2. Податоци кои ги објавува и собира веб-страницата koronavirus.gov.mk

Податоци за навигација

Оваа веб-страница користи колачиња "Cookies". На веб страницата се користат колачиња со цел подобрување на корисничкото искуство во пристпување на веб-страницата.

*Објавување на лични податоци*

Личните податоци за донации објавени на веб-страницата koronavirus.gov.mk во листата на направени донации се објавени врз основа на Изјава за согласност за обработка и објавување на лични податоци, во која корисникот преку кликање на копчето „Се согласувам“ се согласил неговите лични податоци да бидат објавени на веб-страницата solidarnost.gov.mk и/или на веб-страницата koronavirus.gov.mk во листата на направени донации. Доколку е дадена согласност за објавување на лични податоци, јавно се објавени само името, презимето и општината на донаторот.

На веб-страницата koronavirus.gov.mk, во менито за финансиска транспарентност, листата на донации се објавува поради овозможување достапност на јавноста на информациите и обезбедување транспарентност на приходите поврзани со справување со кризата предизвикана од корона вирусот ковид-19.

Дадената согласност може да се повлече во секое време преку испраќање на известување за повлекување на согласност на соодветните контакт електронски адреси наведени во Изјавата.

Доколку корисникот не дал согласност, неговите податоци нема да бидат објавени ниту на solidarnost.gov.mk, ниту на koronavirus.gov.mk.

*Време на чување на собраните податоци*

Личните податоци кои се објавуваат на веб-страницата koronavirus.gov.mk ќе се чуваат и, доколку е дадена согласност, ќе бидат јавно достапни во времетраење од две (2) години по објавата.

*Промени во политиката на приватност*

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија има право да ја ажурира оваа политика на приватност во кое било време за што ќе достави известување на почетната страница со датумот на ажурирање.

*Контакт*

За дополнителни информации поврзани со политиката за приватност и со правата на корисниците на оваа веб-страница, ве молиме контактирајте ги офицерите за заштита на лични податоци на контролорите на личните податоци.

Министерство за финансии на Република Северна Македонија:

- ✓ Лилјана Стојановска lilijana.stojanovska@finance.gov.mk и
- ✓ Жана Чурлиновска zana.curlinovska@finance.gov.mk.

Влада на Република Северна Македонија (Генерален секретаријат):

- ✓ Зорица Стојановиќ - zorica.stojanovic@gs.gov.mk.

Министерство за здравство на Република Северна Македонија:

- ✓ Билјана Илиоска, biljana.ilioska@zdravstvo.gov.mk . .

Датум на политиката за приватност

11 јуни 2020 година